SPARKASSE
Bank

Согласно член 49 точка 35 и член 64 од Статутот („Статутот“) на Шпаркасе Банка АД Скопје („Банката“), Надзорниот одбор на Банката, на седницата одржана на 03.12.2024 година, го одобри следниот:

# ДЕЛОВНИК
## за организација и работа на Одборот за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје

### Општи одредби

**Член 1**

Овој Деловник за работа ги регулира активностите на Одборот за ревизија, свикување седници, начин на организација и донесување одлуки, како и други прашања поврзани со работата на Одборот за ревизија одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје (во понатамошниот текст "Одбор за ревизија").

**Член 2**

Одредбите на овој Деловник се задолжителни за членовите на Одборот за ревизија и за другите лица што учествуваат во работата на Одборот.

**Член 3**

Одборот за ревизија работи на седници.

**Член 4**

Одборот за ревизија на Банката работи според важечките законски одредби, Статутот на Банката и други интерни акти на Банката.

**Член 5**

Одборот за ревизија се состои од 6 (шест) члена кои ги именува Надзорниот одбор на Банката.
Мнозинството членови на Одборот за ревизија се избираат од редот на членовите на Надзорниот одбор, а останатите членови се независни членови.
Најмалку еден член на Одборот за ревизија е овластен ревизор.
Членовите на Одборот за ревизија од своите редови избираат Претседател, кој е одговорен за организација на работата на Одборот за ревизија и Заменик претседател.

**Член 6**

Мандатот на членовите на Одборот трае четири години.
Членовите на Одборот се должни да ги извршуваат своите обврски фер и со внимание на уредни и совесни трговци.
Членовите на Оборот се должни да ја чуваат банкарската тајна за работењето на Банката, и таа одговорност останува и по завршувањето на нивниот мандат и членство во Одборот за ревизија.
Членовите на Одборот нема да ги користат своите права во случај на судир на интереси согласно Законот за Банките.
Членовите на Одборот за ревизија покрај условите кои треба да ги исполнуваат лицата со посебни права и одговорности треба да имаат познавање и за:

1. работењето на Банката, нејзините производи и услуги;
2. ризиците на кои е изложена Банката;

3. системите за внатрешна контрола и политиките за управување со ризици на Банката и
4. сметководството и ревизијата.

**Член 7**

Одборот за ревизија најмалку еднаш годишно врши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно.
Одборот за ревизија поднесува полугодишен и годишен извештај за својата работа до Надзорниот одбор. Во годишниот извештај е содржана и оцената.

## Опсег на активности:

**Член 8**

Одборот за ревизија одлучува за прашања во рамките на своите активности.

**Член 9**

Одборот за ревизија ги врши следниве работи:
1. ги разгледува финансиските извештаи на Банката и се грижи за точноста и транспарентноста на објавените финансиски информации за работењето на Банката во согласност со прописите за сметководство и меѓународните сметководствени стандарди;
2. ги разгледува и оценува системите за внатрешна контрола;
3. ја следи работата и ја оценува ефикасноста на внатрешна ревизија;
4. го следи процесот на ревизија на Банката и ја оценува работата на друштвото за ревизија;
5. ги донесува сметководствените политики на Банката;
6. ја следи усогласеноста на работењето на Банката со прописите што се однесуваат на сметководствените стандарди и финансиските извештаи;
7. одржува состаноци со Управниот одбор, внатрешна ревизија и друштвото за ревизија во врска со утврдени неусогласености со прописите и слабостите во работењето на Банката;
8. ги разгледува извештаите на Одборот за управување со ризици;
9. предлага назначување на друштвото за ревизија и раскинување на склучен договор со друштво за ревизија;
10. најмалку еднаш во три месеци го известува Надзорниот одбор на Банката за својата работа;
11. дава мислење по прашања поставени од страна на Надзорниот одбор, и
12. врши други работи во согласност со законските и подзаконските прописи, Статутот и другите општи акти на Банката.

## Свикување седници:

**Член 10**

Седниците на Одборот за ревизија се свикуваат на квартална основа или почесто на барање на Надзорниот одбор.
Седниците на Одборот за ревизија ги свикува претседателот на Одборот за ревизија, а во случај на негово отсуство – Заменик претседателот на Одборот за ревизија.

**Член 11**

Состаноците на Одборот за ревизија се свикуваат со писмена покана или по електронски пат, заедно со предлог-дневен ред доставен од претседателот на Одборот за ревизија, а во случај на негово отсуство – заменик-претседател на Одборот за ревизија, преку Дирекцијата Генерален секретаријат (во натамошниот текст: Дирекција Генерален секретаријат).

Денот, времето и местото на седницата се наведени во поканата.
Дневниот ред за седницата го подготвува претседателот, а во случај на негово отсуство – заменик-претседателот на Одборот за ревизија.

**Член 12**

Покрај членовите на Одборот за ревизија, и членовите на Управниот одбор на Банката се поканети на седниците на Одборот за ревизија.
На седницата на Одборот за ревизија може да бидат поканети и други вработени, од организациски единици кои ги покриваат прашањата за кои се разговара на седницата, како и други експерти. Со истата цел, претседателот може да одлучи да ги покани вработените во Steiermärkische Sparkasse кои се вклучени во секојдневната соработка со ШБС.

**Член 13**

Материјалите за седница, со поканата и дневниот ред, се доставуваат не подоцна од 7 (седум) дена пред денот на седницата, со дадени исклучоци - кога материјалите се дистрибуираат за пократок рок или во текот на седницата.
За одредени прашања, кои се сметаат за итни, се предвидува одлучување по писмен пат, односно мислењата и согласностите може да се добијат преку телефонски или друг канал за комуникација, за што се подготвува и соодветен записник од седницата.
Членовите на Одборот за ревизија го остваруваат своето гласачко право лично, преку телефонска или видео-конференциска комуникација, како и преку писмена согласност.

## Начин на спроведување на седница на Одборот за ревизија:

## Отворање на седницата:

**Член 14**

Седицата на Одборот за ревизија ја отвора и води претседателот, а во случај на негово отсуство, заменик-претседателот на Одборот за ревизија.
По отворањето на седницата се утврдува кворумот и дали се присутни мнозинството членови на Одборот за полноважно одлучување.
Доколку не се обезбеди потребниот кворум за одлучување, седницата ќе се одложи.
Членовите на Одборот за ревизија можат да учествуваат и одлучуваат на седници организирани со користење на конференциска, телефонска врска или со користење на друга аудио или визуелна комуникацсика опрема. Доколку на седница на Одборот за ревизија се договори датумот за следната седница, се смета дека присутните членови на Одборот се уредно поканети.

## Утврдување дневен ред:

**Член 15**

По утврдувањето на кворумот, се дискутира Дневниот ред.
Дневниот ред може да биде изменет или дополнет од присутните членовите.
Одборот за ревизија може да одлучи одредени прашања да се одложат за следната седница, за дополнително разгледување и доставување на материјалите.

## Дискусија:

**Член 16**

Претседателот на Одборот за ревизија или во случај на негово отсуство, Заменик Претседателот, ја отвора дискусијата по редослед на точките од дневниот ред.
Редоследот на работа обично се изведува според редоследот на точките од Дневниот ред.
Сите членови на Одборот имаат право да учествуваат во дискусијата, како и други поканети експерти, кои би дале дополнителни објаснувања за одредени материјали.

**Член 17**

Дискусијата е отворена додека Претседателот или во случај на негово отсуство, назначениот Заменик Претседател, не ја затвори дискусијата, по утврдување дека дискусијата е исцрпена, проследено со предлог од Претседателот/Заменик Претседателот соодветно формулиран за гласање.

**Член 18**

Во случај на идентификуван судир на интереси и пријавен во согласност со локалната регулатива и/или интерна политика, конкретниот член ќе ја напушти седницата откако ќе даде пропишана изјава и нема да учествува во дискусијата и одлучувањето за конкретната материја. Идентификуваниот конфликт се бележи во Записникот.

## Донесување одлуки:

**Член 19**

Предлогот поставен за гласање мора да биде формулиран јасно и недвосмислено.
Гласањето е јавно, со кревање рака и гласање ЗА или ПРОТИВ.
Одборот за ревизија може да одлучи гласањето за одредени прашања да биде тајно или на друг начин, со која одлука ќе се уреди поблискиот начин на спроведување на гласањето.
Одлуките се носат со мнозинство гласови од сите членови. Во случај на еднаква поделба на гласовите, одлучувачки е гласот на претседателот, а во негово отсуство гласот на потпретседателот.
Членовите на Одборот за ревизија можат да донесуваат одлуки без одржување на седница, со давање писмена согласност за донесените одлуки.
Во случаи кога се одлучува со циркулација, кога гласовите се даваат преку електронска пошта, Генералниот Секретаријат добива копија е-маил од соодветниот член и го известува Одборот за ревизија и Претседателот за гласањето на секој член поединечно. Времето за одговор од страна на членовите е ограничено на 3 (три) дена, освен ако Претседателот не ги извести членовите поинаку.
Одлуките се сметаат за донесени доколку сите членови на Одборот за ревизија дадат писмена согласност за предлог-одлуката.

**Член 20**

Одборот за ревизија на своите седници разгледува и усвојува:

- одлуки;
- извештаи;
- мислења;

- заклучоци;
- препораки.

**Член 21**

Заклучоците усвоени од Одборот за ревизија ги спроведува Управниот одбор кој е одговорен за навремено спроведување. Во случај на неспроведување, Управниот одбор мора да го извести Одборот за ревизија.

**Член 22**

Донесените акти ги потпишува претседателот, а во негово отсуство заменик-претседателот на Одборот за ревизија.

## Водење записник:

**Член 23**

Генералниот Секретаријат го организира записничарот и подготвува и дистрибуира записници од седници, како и средување и архивирање на материјали од седницата.

**Член 24**

Записникот за седниците ги содржи следниве податоци:

- Ден, време и место на седницата на Одборот за ревизија;
- Имиња на членови кои присуствуваат;
- Имиња на други лица што присуствуваат;
- Утврдена агенда;
- Дискусии, донесени акти и резултати од гласање;
- Одделни мислења и забелешки - доколку тоа го побара некој член.

**Член 25**

Записникот треба да се одобри на почетокот на следната седница; сите корекции треба да бидат побарани најдоцна тогаш од членовите на одборот. Записникот од седниците на Одборот за ревизија го потпишуваат сите членови на Одборот за ревизија кои биле присутни на конкретната седница.

**Член 26**

Записникот од седниците и материјалите се од траен карактер.

**Член 27**

Материјалите и другите документи што произлегуваат од работата на Одборот за ревизија се чуваат во Генералниот Секретаријат и во архивата на Банката.

## Преодни и завршни одредби:

**Член 28**

Претседателот на Одборот за ревизија или Заменик претседателот е одговорен за спроведување на одредбите содржани во овој Деловник за работа.

**Член 29**

Во случај, во било кое време, која било од одредбите на овој Деловник за работа да не е во согласност со законодавството или интерните акти на Банката, ќе преовладува законодавството и интерните акти на Банката.

**Член 30**

Измените на овој Деловник за работа се извршуваат на ист начин и постапка како и за нивното донесување.

**Член 41**

Овој Деловник за работа стапува на сила на денот на усвојувањето, а ќе се применува по усвојување на измените на Статутот на Банката од Собранието на акционери и по добивање на согласност за измените на Статутот од Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија.

Со датумот на примена на овој Деловник, престанува да важи Деловникот за организација и работа на Одборот за ревизија од 20.04.2017 година.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател
Георг Бухер